Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-123/2
27.02. 2026 год.
ГРАДСКО

# ЗАПИСНИК

**од одржаната седма седница на Советот на Општина Градско на ден 16.01.2026 година, со почеток во 12:00 часот во салата на Општина Градско на следиот**

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Записникот од 6-та седница на Советот на Општина Градско.
2. Предлог- План и Програма за управување со отпад на Општина Градско за период 2026-2028 година.
3. Предлог- Годишен извештај за реализација на Програмата за изградба на изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Градско за 2025 година.
4. Предлог- Годишен извештај за користење на средствата од резервите од Буџетот на Општина Градско за 2025 година.
5. Предлог- Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработака.
6. Разгледувања на барања и поднесоци.
7. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Драгана Данева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Драгана Данева, Веле Петрески, Душко Цековски, Кристина Самандова, Димче Богдановски, Тоше Петревски, Александар Ристовски, Благоја Станишевски и Боне Спасовски.

На седницата присуствуваше Градоначалникот на Општина Градско, Киро Нацков.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита предложениот дневен ред.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 7-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 6-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Советот на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 6-та Седница на Советот на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 6-та Седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 6-та седница на Советот на Општина Градско.

*2.План и Програма за управување со отпад на Општина Градско за период 2026-2028 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Стојанче Коцев од општинската администрација кој истакна дека план и програма за управување со отпад се носи на секои три години и истиот ќе се спроведува преку ЈКП Клепа Градско на кој како основна дејност му е собирање и транспорт на комуналниот отпад. Отпадот се собира од од 804 домаќинства и 41 правен субјект. Реоните за собирање на отпад физички се поделени на три, се собира секој работен ден според распоред по улици. За собирање на отпадот има 40 контејнери за комунален отпад од 1100л, за органски отпад се 20, дрвени канти на јавните површини се 35, за електронски одпад 3, за стаклена амбалажа 1, корпи за отпадоти 19 и контејнери за хартија 4. ЈКП Клепа има склучено договор за собирање на електронски отпад со Еко електрон.

Тоше Петревски- што е со чистењето на дивите депонии.

Стојанче Коцев- најмногу се се чистат кога е генералка викенд, тогаш е вклучено и комуналното претпријатие, но се уште немаме доволно развиена свест кај граѓаните, дивите депонии се прават најчесто од градежен шут.

Димче Богдановски- сугестија од моја страна, не секогаш но во текот на сезоната по неколку пати Биопроцес го одлагаат отпадот на површините на Вардар АД Градско и се

случува поголемо истурање од сметот на асфалтот, барем тогаш да се испере за да не се разнесува на потегот од фармата до Обиколницата.

Стојанче Коцев- самите тие го чистат со машина но тоа не е доволно.

Веле Петрески- најдобра опција е да не го користат тој пат, да се најде друга алтернатива.

Боне Спасовски- како може да се реши проблемот со дивите депонии, дали може повеќе пати да се излегува на терен и кој ќе се фати да биде казнет.

Стојанче Коцев- додека сме надвор на терен никој не фрла отпад, после тоа се фрла.

Благоја Станишевски- нели се знае кој фрла, ние сме мало места и сите добро се познаваме.

Боне Спасовски- ако не се казни нека одработи во ЈКП така ќе се развие и свеста кај граѓаните. Нека се донесе одлука на Совет.

Веле Петрески- подобро да има поголеми контејнери на краевите од Градско.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ги стави на усвојување *Планот и Програмата за управување со отпад на Општина Градско за период 2026-2028 година.*

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ги усвои *Планот и Програмата за управување со отпад на Општина Градско за период 2026-2028 година.*

*3.Годишен извештај за реализација на Програмата за изградба на изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Градско за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде градоначалнико на Општина Градско, Киро Нацков. Годишниот извештај се однесува на улиците кои се направени во 2025 година со прикажани средства, должина, кој е изведувач и од каде се обезбедени финансиските средства. Изградба на улица 8 Септември фаза 1 и 3 подизведувач е МИ-СА асфалтирана е но не е дозавршена во однос на пешачките делови

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Годишениот извештај за реализација на Програмата за изградба на изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Градско за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско го усвои Годишениот извештај за реализација на Програмата за изградба на изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Градско за 2025 година.

*4.Годишен извештај за користење на средствата од резервите од Буџетот на Општина Градско за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Годишениот извештај за користење на средствата од резервите од Буџетот на Општина Градско за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско го усвои Годишениот извештај за користење на средствата од резервите од Буџетот на Општина Градско за 2025 година.

*5.Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработака.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде градоначалнико на Општина Градско, Киро Нацков. Имавме меѓуопштинска соработка во делот на градежен инспектор, има рок по завршувањето на договорот не прифатија продолжување. Во моментов немаме а реално имаме потреба од градежен инспектор. Во државата има недостаток од градежни инспектори. Во општина Градско ангажирана е Марија Рунтева од Општина Велес со два работни часа за предметите за изработка на извод од план и за легализација на бесправно изградените објекти. Многу мал број на општини имаат свои градежни инспектори фунционираат со меѓуопштинска соработка. Во разговор со градоначалникот на Гевгелија се согласи да ни излезе во пресрет, одлука се носи и од страна на Советот на општина Градско и од страна на Советот на Општина Гевгелија.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработака.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработака.

*6.Разгледувања на барања и поднесоци.*

а) Барање од Елеонира Хендрицкх од Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

б) Барање од Ангела Настова Маѓеровска од Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

в) Барање од Самра Тутиќ од с.Водоврати, Општина Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

г) Барање од Асмира Папиќ од с.Водоврати, Општина Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

д) Барање од Ристе Димитриев од с.Виничани, Општина Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

ѓ) Барање од Бојан Иванов од Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

е) Барање од Блаже Крчмаров од Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

ж) Барање од ЈКП „Клепа“ Градско за одобрување на финансиски средства во висина од 2.383.620,00 денари за плаќање на заостанат долг за потрошена електрична енергија за пумпите за водоснабдување кон ЕВН Хоме врз основа на склучена спогодба.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за одобрување на средства во висина од 2.383.620,00 денари.

з) Барање од Здружение на глуви и наглуви од Велес за одобрување на финансиски средства во висина од 27.000,00 денари како помош по 3.000,00 денари за девет глуви и наглуви лица од Градско.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за одобрување на средства во висина од 27.000,00 денари.

ѕ) Барање од жителите на с.Долно Чичево, Општина Градско за одобрување на финансиски средства во висина од 50.000,00 денари за покривање на трошоци за оградување на гробишта во с.Долно Чичево.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за одобрување на средства во висина од 50.000,00 денари.

Боне Спасовски- во однос на барањата за одобрување на финансиски средства, треба да се донесе некој докумет врз основа на кој се бараат средствата, треба да се види колкави им се примањата, не може на пример дома тројца работат, имаат три коли, а бараат

средства, општината не е социјално, и да им се помогне на тие на кои навистина им требаат и одат на државно а не во приватни болници, јас ако одам во приватна болница значи имам пари за тоа.

Киро Нацков- најдобро е да направите некоја рамка до каде може да се оди, ако ги исполнува условите во ред.

Димче Богдановски- да се види колкави примања имаат.

Боне Спасовски- исто така народот го злоупотребува комбето, дома имаат три коли, а бараат превоз од општината.

Кристина Самандова- има случаеви каде дома не живеат и нема кој да ги однесе.

Киро Нацков- да се направи правилник.

*7.Разно.*

Боне Спасовски- имам да пренесам повеќе работи, да се исчисти центарот и да се уреди просторот кај амбулантата со поставување на клупи, и предходно барав да се направи дренажа на улицата кај Софро Стојменов целата улица е со мраз. Канализацијата е затната, моја идеа е има тунелче цевките да се иснесат до шахтата. Предлог да се цементира кејот реката, знам дека не може комплет по етапи но барем да се почне. Сметам дека треба да се направи и едно мовче.

Душко Цековски- да се види прво со канализацијата да не дојде до некој проблем.

Киро Нацков- во ред е сето тоа ставено е во програмата за реализација, оградата на мостот ќе се смени, но да не се соочиме со имотно правни проблеми, но прво треба да се направи проект и да се види колку би коштало.

Боне Спасовски- државно е.

Димче Богдановски- бараат дислокација на легнат покицаец во Водоврати.

Киро Нацков- во ред ако сите се сгласуваат.

Боне Спасовски- не е лошо да има еден кај црквата во Виничани.

Драгана Данева- Ангел од Ногаевци сакал да пошумува, имал набавено дрвца дали можела и општината да помогне со набавка на дрвца.

Киро Нацков- нека поднесе барање до советот да се види која катастарска парцела е и сл.

Под точка разно на советниците им се обрати Зоран Нацев од с.Горно Чичево како преставник од одборот на Манастирот Св.Архангел Михаил кој побара од советниците финансиска помош од по 2.000,00 денари за градежни работи во Манастирот.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори седмата седница во 13:00 часот.

Записник водел:

Мери Седмакова-Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско

Драгана Данева